Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА„ А.Д.
Бр. 02-2091/17
Прилеп, 09.05 2019 год.

Врз основа на член 417 став 3 од Законот за трговските друштва и членовите 214, 215 и 216 од Статутот на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп (арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст), Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп, го дава следното:

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**кон предлог Одлуката за измена и дополнување на Статутот на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп (арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст)**

Предлог одлуката за измена и дополнување на Статутот на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп (арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст) се базира исклучиво на потребата од усогласување со неколку последователни измени и дополнувања на Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност.

Имено, во членот 2 се врши усогласување со важечките законски прописи, односно со член 86 од Законот за трговските друштва, според кој стварно надлежен орган за водење на Трговскиот регистар е Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Во членот 3 постоеше техничка грешка од аспект на поистоветените поими „имот“ со „основна главнина“, па согласно член 3 став 1 т. 21 и т. 36 од ЗТД се пристапи кон оваа измена.

Во членот 14 став (2) се изврши усогласување со член 275 став (3) од ЗТД во однос на можноста друштвото да издава акции над номиналниот износ (емисиски износ).

Во членот 21 став (1) од Статутот се изврши усогласување со член 8 став (3) и став (4) од Законот за хартии од вредност, според која одредба горниот лимит за издавање на обврзници се ограничува на висината на главнината собрана со висината на издадената банкарска гаранција, како и со 75% од вредноста на обезбедувањето. Во ставот (7) на членот 21 од Статутот, пак, се изврши усогласување со членот 383 став (1) алинеја 7) од ЗТД според која одредба начинот и условите под кои друштвото ги издава хартиите од вредност се определува со посебна одлука на Собранието на друштвото.

Во членот 22 се изврши соодветно дополнување на одредбата за начинот на објавување податоци и извештаи во смисла на член 318 од ЗТД и согласно статусот на „Витаминка“ како друштво чии хартии од вредност котираат на Македонската берза.

Членот 26 од Статутот се дополнува во согласност со членот 28 од ЗТД.

Член 40 став (3) и член 41 се усогласуваат со член 335 став (3) и член 336 став (2) од ЗТД во делот на последните промени во одредбите поврзани со постапката за стекнување сопствени акции со откуп и обврската за задолжително претходно спроведување постапка за нивна продажба по пат на јавна понуда.

Член 99 став (2) од Статутот се дополнува во согласност со членот 385 став (2) од Законот за трговските друштва, според која одредба и неизвршните членови на одборот на директори можат да донесат одлука за свикување собрание.

Во членот 101 се врши дополнување во поглед на обврската за објава на јавниот повик во дневен весник на ½ страница согласно член 387 став (3) од ЗТД.

Членот 108 став (2) се менува на начин што се врши бришење на обврската за заверка на писменото полномошно кај нотар, со што одредбата се усогласува со член 392-б од ЗТД, но и со член 110 од Статутот на друштвото.

Членовите 136 и 137 се дополнуваат согласно член 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Р.М.“ бр. 86/2008), на начинот што се предвидува дека одредбите ќе важат по пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ.

Во член 138 се бришат ставовите 3, 4 и 5 од причина што согласно член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Р.М.“ бр. 48/2010), можноста за зголемување на основната главнина на друштвото со зголемување на номиналниот износ на акциите се укина.

Во член 147 став (2) се врши дополнување во насока на обврската од член 439 став (2) од ЗТД дека мислењето на ревизорот треба да биде изразено без резерва или со резерва која не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка.

Член 165 ставови (2) и (3) се дополнуваат во согласност со членот 460 ставови (2) и (3) од ЗТД. Имено одлуката за зделката со заинтересирана страна ја носат членовите на Одборот на директори (или соодветно акционерите на Собранието) кои немаат интерес за таквата работа.

Новиот член 165-а е резултат на постоењето на членот 460-а од ЗТД, според кој пред донесување одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од надлежен орган на Друштвото чии хартии од вредност котираат на овластена берза, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Со предложените измени и дополнувања на Статутот се врши отстранување на одредени неусогласености, а во функција на обезбедување законитост во постапувањето.

09.05.2019 год.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател,**
**Дипл.инг. Симон Наумоски**

Прехрамбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП